**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Н О Т А Р**
**А Н А В Е С О В А**
**за подрачјето на Основните судови на град Скопје**
**во Скопје на ул. „Ѓорче Петров“ број 11, локал 7**
**20.12.2023 година во 09:00 часот**

# НОТАРСКИ АКТ-ИЗВОД

Јас, НОТАР Ана Весова, за подрачјето на Основните судови на град Скопје, со службено седиште во Скопје на ул. „Ѓорче Петров “ број 11, локал 7, потврдувам дека денес на ден 20.12.2023 година (дваесетти декември, двеилјадидваесетитрета година), во девет часот, во согласност со одредбите од Законот за нотаријатот (Службен весник на Република Македонија број 72/16, 142/16 и 233/18) и Законот за трговски друштва (Службен весник на Република Макдонија број 28/2004, 84/2005 и 25/2007) составив во форма на Нотарски Акт-Спогодба за присоединување на едно друштво кон друго, склучен помеѓу:--------------------------------------------------------------------

**-Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје-Виена Иншуренс Груп**, со седиште во Скопје на ул. 11-ти Октомври бр. 25, со ЕМБС 4067037, застапувано од Претседателот на Управниот одбор Бошко Андов од Скопје, со ЕМБГ [redacted], и членовите на Управниот одбор Весна Ѓорчева од Скопје, со ЕМБГ [redacted], Татјана Димов од Скопје, со ЕМБГ [redacted] и Озрен Марјановикј со престојувалиште во Скопје, со МБ [redacted] и Претседателот на Надзорен одбор Габор Лехел (Gabor Lehel) од Унгарија, со патна исправа број [redacted], чиишто својства и овластување ги утврдив од увид од Тековната состојба со број 0805-50/150020230366313 издадена од Дистрибутивниот систем на Централниот регистар на РСМ - прилог кон Актот, како **ДРУШТВО ШТО ПРЕЗЕМА**, и----------------------------------------------------------------------------------------

**-Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР-Виена Иншуренс Груп Скопје**, со седиште во Скопје на ул. Железничка бр. 41, со ЕМБС 5702470, застапувано од Претседателот на Управниот одбор Климе Попоски од Струга, со ЕМБГ [redacted], и членовите на Управниот одбор Насер Зенку од Кичево, со ЕМБГ [redacted] и Ана Серафимова од Скопје, со ЕМБГ [redacted], и Претседател на Надзорен одбор Габор Лехел (Gabor Lehel) од Унгарија, со патна исправа број [redacted], чиишто својства и овластување ги утврдив од увид од Тековната состојба со број 0805-50/150020230367056 издадена од Дистрибутивниот систем на Централниот регистар на РСМ - прилог кон Актот, како **ДРУШТВО ШТО СЕ ПРИСОЕДИНУВА**.------------------------------------------

Согласно Законот за нотаријатот (Сл.Весник на РМ бр. 72/16, 142/16 и 233/18) при составувањето на нотарскиот акт не е потребно присуство на сведоци, но со оглед на тоа што еден од учесниците не го знае македонскиот јазик и неговото кирилско писмо повикани се двајца сведоци и овластен судски преведувач од англиски јазик на македонски јазик и обратно, избран од двете договорни страни, а кои се лично присутни во моментот на склучување на Нотарскиот акт-Спогодба за присоединување на едно друштво кон друго, и тоа:--------------------------------------------------------

**-ТОДОР СТОЈЧЕВ** од Скопје, роден на 23.11.1960 година во Скопје, со живеалиште во Скопје-Карпош на Бул. Партизански Одреди бр. 117/1-8, чиј идентитет го утврдив од увид во лична карта број [redacted] со ЕМБГ [redacted] издадена од МВР Скопје на 15.07.2022 година, и------------

**-АНГЕЛ ШОЈЛЕВ** од Скопје, роден на 30.08.1988 година во Скопје, со живеалиште во Скопје-Карпош на ул. Манапо бр. 3/1-50, чиј идентитет го утврдив од увид во лична карта број [redacted] со ЕМБГ [redacted] издадена од МВР Скопје на 08.11.2021 година, како сведоци, и-------------

**-МИРЈАНА КОЧОСКА-СТОЈАНОВИЌ** од Скопје, родена на 08.08.1966 година во Прилеп, со живеалиште во Скопје-Центар на ул. Дебарца бр. 1/1-10, чиј идентитет го утврдив од увид во лична карта број [redacted] со ЕМБГ [redacted] издадена од МВР Скопје на 04.12.2020 година, како овластен судски преведувач за Основниот граѓански суд во Скопје.------------------------

Договорните страни потписници на овој акт ги поучив за правото на употреба на службен јазик согласно Законот за употреба на јазиците, а тие изречно се согласија во оваа постапка да се употребува македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.------------------------------------------------
Од доставените прилози од страна на договорните страни утврдив дека договорните страни на оваа Спогодба се правни лица, друштва за осигурување кои се основани во согласност со позитивните прописи на Република Северна Македонија, со дозвола од Агенцијата за супервизија на осигурување за основање и работење.------------------------------------------------------------------------
Откако го утврдив идентитетот на учесниците во оваа постапка, утврдив дека се способни и овластени за преземање на оваа правна работа, им ја објаснив смислата, целта и последиците кои можат да произлезат за нив од оваа правна работа, ги поучив за правните последиците од склучувањето на ваквата правна работа и се уверив во нивната вистинска и сериозна волја дека сакаат да стапат во правниот однос предмет на нотарскиот акт потврдувајќи го тоа со свои потписи, па согласно одредбите од Законот за нотаријатот со неговите измени и дополнувања и согласно одредбите од Законот за трговски друштва со неговите измени и дополнувања, во нивно присуство, вистински и сериозно изразувајки ја својата волја, ја склучуваат следната:-----------------

**СПОГОДБА**
**ЗА ПРИСОЕДИНУВАЊЕ НА ЕДНО ДРУШТВО КОН ДРУГО**

Склучен во Скопје, на 20 декември 2023 година (дваесетти декември, двеилјадидваесетитрета година), помеѓу:-----------------------------------------------------------------------------------------------

1. **Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје-Виена Иншуренс Груп**, со седиште во Скопје на ул. 11-ти Октомври бр. 25, со ЕМБС 4067037, застапувано од Претседателот на Управниот одбор Бошко Андов од Скопје, со ЕМБГ [redacted] и членовите на Управниот одбор Весна Ѓорчева од Скопје, со ЕМБГ [redacted], Татјана Димов од Скопје, со ЕМБГ [redacted] и Озрен Марјановиќ со престојувалиште во Скопје, со МБ [redacted], и Претседателот на Надзорен одбор Габор Лехел (Gabor Lehel) од Унгарија, со патна исправа број [redacted], како **ДРУШТВО ШТО ПРЕЗЕМА,** и-----------------------------------------------------------------------------------------------
2. **Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР-Виена Иншуренс Груп Скопје**, со седиште во Скопје на ул. Железничка бр. 41, со ЕМБС 5702470, застапувано од Претседателот на Управниот одбор Климе Попоски од Струга, со ЕМБГ [redacted] и членовите на Управниот одбор Насер Зенку од Кичево, со ЕМБГ [redacted] и Ана Серафимова од Скопје, со ЕМБГ [redacted] и Претседател на Надзорен одбор Габор Лехел (Gabor Lehel) од Унгарија, со патна исправа број [redacted] како **ДРУШТВО ШТО СЕ ПРИСОЕДИНУВА.**------------------------------------------------------------------------------

Член еден

Врз основа на член 517 и член 520 од Законот за трговски друштва, Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје, со седиште во Скопје на ул. Железничка бр. 41, со ЕМБС 5702470 како Друштво што се присоединува, се присоединува кон Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп, со седиште во Скопје на ул. 11-ти Октомври бр. 25, со ЕМБС 4067037, како Друштво што презема, со универзален пренос на целокупниот имот и правата и обврските на Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје, како Друштво што се присоединува, во замена за акции од Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп, како Друштво што презема, во согласност со позитивното законодавство, при што Друштвото што се присоединува престанува да постои без ликвидација.----------------------------------------------------------------
Форма на Друштвото што презема:Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп, со регистрирано седиште на ул. 11-ти Октомври бр.25 Скопје, со ЕМБС 4067037 и ЕДБ 4030974258740.-------------------------------------
Форма на Друштвото што се присоединува: Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР-Виена Иншуренс Груп Скопје, со регистрирано седиште на ул. Железничка бр.41 Скопје, со ЕМБС 5702470, и ЕДБ 4030002461200.--------------------------------------------------------------------

Член два

Со присоединувањето, имотот и обврските на Друштвото што се присоединува ќе се пренесат во Друштвото што презема по пат на универзален пренос на целиот имот и сите права и обврски според условите дефинирани во оваа Спогодба и позитивното законодавство.------------
Универзалниот пренос на целиот имот и на сите права и обврски е со состојба на денот определен во оваа Спогодба и ќе се реализира по завршување на постапката на присоединување, односно со запишување на присоединувањето во Централниот регистар на Република Северна Македонија.------------------------------------------------------------------------------
Со важност од Датумот на регистрација, Друштвото што се присоединува престанува да постои без ликвидација и се брише од ЦРРСМ.------------------------------------------------------------
Преносот на имотот и правата и обврските од Друштвото што се присоединува во Друштвото што презема се врши во замена за акции на Друштвото што презема.---------------------------------
Како резултат на присоединувањето, основната главнина на Друштвото што презема ќе се зголеми во согласност со член 4 од оваа Спогодба.-----------------------------------------------------

Член три

Присоединувањето на Друштвото што се присоединува и Друштвото што презема е поттикнато и се спроведува поради стратегиски фактори на групацијата но и поради економски фактори кои во понатамошното работење ќе донесат зголемени економски резултати и подобрување на деловното работење. Присоединувањето ќе придонесе за оптимизација на пазарниот удел, подобра искористеност на ресурсите и зголемена ефикасност.---------------------
При присоединувањето, Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје ќе биде преземено од страна на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп.-------------------------------------------
Присоединувањето ќе се изврши според следните услови:----------------------------------------------

- основната главнина на Друштвото што презема според акционерската книга од 30.09.2023 година изнесува ЕУР 14,409,474.00 и се состои од 717,462 обични акции со номинална вредност од ЕУР 20.084 за една акција, а основната главнина на Друштвото што се присоединува, според акционерската книга од 30.09.2023 година изнесува ЕУР 4,034,000.00 и се состои од 403,400 обични акции со номинална вредност од ЕУР 10.000 за една акција;------------------------------------------------------------------------------------
- за целите на ефикасно присоединување, основната главнина на Друштвото што презема ќе се зголеми за износ од ЕУР 4,050,942.80 односно од ЕУР 14,409,474.00 на ЕУР 18,460,416.80, при што Друштвото што презема ќе издаде акции преку приватна понуда како што е наведено во член 5 од оваа Спогодба. ---------------------------------------------------
- како последица на присоединувањето сите права и обврски настанати од договорите склучени од страна на Друштвото што се присоединува со трети лица до денот на присоединувањето ќе се сметаат за права и обврски на Друштвото кое што присоединува, додека сите права и обврски од тие договори по датумот на присоедување ќе се сметаат како права и обврски на Друштвото што превзема;-----------
- од Датумот на регистрација, акционерот на Друштвото што се присоединува, во замена ќе добие акции во Друштвото што презема;-----------------------------------------------------------
- со важност од датумот на регистрација, правниот субјективитет на Друштвото што се присоединува престанува, односно Друштвото што се присоединува се брише од ЦРРСМ;-----------------------------------------------------------------------------------------------------
- на Датумот на регистрација, мандатот на членовите на Управниот и Надзорниот одбор на Друштвото што се присоединува, исто така престанува.-------------------------------------

Член четири

Според билансот на состојба на Друштвото што се присоединува, книговодствената вредност на активата и пасивата на Друштвото што се присоединува, на 30.09.2023 година изнесува: МКД 2,157,753,765, а која вредност на активата и пасивата којашто се пренесува од друштвото што се присоединува на друштвото коешто презема, се подробно опишани во следната табела:-

**Биланс на состојба на ден 30.09.2023**

| Опис на позицијата | Износ во МКД |
|---|---|

| АКТИВА | |
|---|---|
| А. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 9,040,884 |
| 1. Гудвил | 0 |
| 2. Останати нематеријални средства | 9,040,884 |
| Б. ВЛОЖУВАЊА | 1,100,660,596 |
| I. ЗЕМЈИШТЕ, ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ И ОСТАНАТИ МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 806,176 |
| 1. Земјиште и градежни објекти кои служат за вршење на дејноста | 806,176 |
| 1.1 Земјиште | 0 |
| 1.2 Градежни објекти | 806,176 |
| 2. Земјиште, градежни објекти и останати средства кои не служат за вршење на дејноста | 0 |
| 2.1 Земјиште | 0 |
| 2.2 Градежни објекти | 0 |
| 2.3 Останати материјални средства | 0 |
| II.ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА ВО ДРУШТВА ВО ГРУПА - ПОДРУЖНИЦИ, ПРИДРУЖЕНИ ДРУШТВА И ЗАЕДНИЧКИ КОНТРОЛИРАНИ ЕНТИТЕТИ | 23,901,959 |
| 1. Акции, удели и останати сопственички инструменти (хартии) од вредност во друштва во група - подружници | 0 |
| 2. Должнички хартии од вредност кои ги издале друштва во група - подружници и заеми на друштва во група - подружници | 0 |
| 3. Акции, удели и останати сопственички инструменти во придружени друштва | 0 |
| 4. Должнички хартии од вредност кои ги издале придружени друштва и заеми на придружени друштва | 0 |
| 5. Останати финансиски вложувања во друштва во група - подружници | 0 |
| 6. Останати финансиски вложувања во придружени друштва | 0 |
| 7. Вложувања во заеднички контролирани ентитети | 23,901,959 |
| III. ОСТАНАТИ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА | 1,075,952,461 |
| 1. Финансиски вложувања кои се чуваат до достасување | 246,616,265 |
| 1.1 Должнички хартии од вредност со рок на достасување до една година | 0 |
| 1.2 Должнички хартии од вредност со рок на достасување над една година | 246,616,265 |
| 2. Финансиски вложувања расположливи за продажба | 340,129,336 |
| 2.1 Должнички хартии од вредност со рок на достасување до една година | 0 |
| 2.2 Должнички хартии од вредност со рок на достасување над една година | 340,129,336 |
| 2.3 Акции, удели и останати сопственички инструменти | 0 |
| 2.4 Акции и удели во инвестициски фондови | 0 |
| 3. Финансиски вложувања за тргување | 0 |
| 3.1 Должнички хартии од вредност со рок на достасување до една година | 0 |
| 3.2 Должнички хартии од вредност со рок на достасување над една година | 0 |

| | |
|---|---|
| 3.3 Акции, удели и останати сопственички инструменти | 0 |
| 3.4 Акции и удели во инвестициски фондови | 0 |
| 4. Депозити, заеми и останати пласмани | 489,206,860 |
| 4.1 Дадени депозити | 461,559,069 |
| 4.2 Заеми обезбедени со хипотека | 0 |
| 4.3 останати заеми | 0 |
| 4.4 Останати пласмани | 27,647,791 |
| 5. Деривативни финансиски инструменти | 0 |
| IV. ДЕПОЗИТИ НА ДРУШТВА ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ КАЈ ЦЕДЕНТИ, ПО ОСНОВ НА ДОГОВОРИ ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ | 0 |
| В. ДЕЛ ЗА СООСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ ВО БРУТО ТЕХНИЧКИТЕ РЕЗЕРВИ | 495,214,370 |
| 1. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто резервата за преносна премија | 222,769,935 |
| 2. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто математичката резерва | 0 |
| 3. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто резервите за штети | 272,444,435 |
| 4. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто резервите за бонуси и попусти | 0 |
| 5. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто еквилизационата резерва | 0 |
| 6. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто останатите технички резерви | 0 |
| 7. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто техничките резерви за осигурување на живот каде ризикот од вложувањето е на товар на осигуреникот | 0 |
| Г. ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА КАЈ КОИ ОСИГУРЕНИКОТ ГО ПРЕВЗЕМА ИНВЕСТИЦИСКИОТ РИЗИК (ДОГОВОРИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ) | 0 |
| Д. ОДЛОЖЕНИ И ТЕКОВНИ ДАНОЧНИ СРЕДСТВА | 2,592,086 |
| 1. Одложени даночни средства | 0 |
| 2. Тековни даночни средства | 2,592,086 |
| Ѓ. ПОБАРУВАЊА | 378,477,988 |
| I. ПОБАРУВАЊА ОД НЕПОСРЕДНИ РАБОТИ НА ОСИГУРУВАЊЕ | 284,648,934 |
| 1. Побарувања од осигуреници | 284,648,934 |
| 2. Побарувања од посредници | 0 |
| 3. Останати побарувања од непосредни работи на осигурување | 0 |
| II. ПОБАРУВАЊА ОД РАБОТИ НА СООСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ | 13,277,490 |
| 1. Побарувања по основ на премија за сооосигурување и реосигурување | 0 |
| 2. Побарувања по основ на учество во надомест на штети од соосигурување и реосигурување | 13,277,490 |
| 3. Останати побарувања од работи на соосигурување и реосигурување | 0 |
| III. ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА | 80,551,564 |
| 1. Останати побарувања од непосредни работи на осигурување | 29,286,867 |
| 2. Побарувања по основ на финансиски вложувања | 15,009,394 |
| 3. Останати побарувања | 36,255,303 |

| | |
|---|---|
| IV. ПОБАРУВАЊА ПО ОСНОВ НА ЗАПИШАН А НЕУПЛАТЕН КАПИТАЛ | 0 |
| Е. ОСТАНАТИ СРЕДСТВА | 56,280,517 |
| I. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА КОИ СЛУЖАТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА (ОСВЕН ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ) | 14,515,054 |
| 1. Опрема | 14,230,891 |
| 2. Останати материјални средства | 284,163 |
| II. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ОСТАНАТИ ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ | 41,765,463 |
| 1. Парични средства во банка | 40,036,989 |
| 2. Парични средства во благајна | 1,370,705 |
| 3. Издвоени парични средства за покривање на математичката резерва | 0 |
| 4. Останати парични средства и парични еквиваленти | 357,769 |
| III. ЗАЛИХИ И СИТЕН ИНВЕНТАР | 0 |
| Ж. АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА | 115,487,324 |
| 1. Претходно пресметани приходи по основ на камати и наемнини | 0 |
| 2. Одложени трошоци на стекнување | 115,487,324 |
| 3. Останати пресметани приходи и одложени трошоци | 0 |
| З. НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА КОИ СЕ ЧУВААТ ЗА ПРОДАЖБА И ПРЕКИНАТО РАБОТЕЊЕ | 0 |
| **Ѕ. ВКУПНА АКТИВА (А+Б+В+Г+Д+Ѓ+Е+Ж+З)** | **2,157,753,765** |
| И. ВОН-БИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - АКТИВА | 148,575,203 |

Биланс на состојба на ден 30.09.2023

| Опис на позицијата | Износ во МКД |
|---|---|
| **ПАСИВА** | |
| А. КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ | 442,547,045 |
| I. ЗАПИШАН КАПИТАЛ | 247,036,938 |
| 1. Запишан капитал од обични акции | 247,036,938 |
| 2. Запишан капитал од приоритетни акции | 0 |
| 3. Запишан а неуплатен капитал | 0 |
| II. ПРЕМИИ ЗА ЕМИТИРАНИ АКЦИИ | 0 |
| III. РЕВАЛОРИЗАЦИОНА РЕЗЕРВА | 0 |
| 1. Материјални средства | 0 |
| 2. Финансиски вложувања | 0 |
| 3. Останати ревалоризациони резерви | 0 |
| IV. РЕЗЕРВИ | 133,032,472 |
| 1. Законски резерви | 133,032,472 |
| 2. Статутарни резерви | 0 |
| 3. Резерви за сопствени акции | 0 |
| 4. Откупени сопствени акции | 0 |
| 5 Останати резерви | 0 |
| V. НЕРАСПРЕДЕЛЕНА НЕТО ДОБИВКА | 31,832,767 |
| VI. ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА | 0 |
| VII. ДОБИВКА ЗА ТЕКОВНИОТ ПРЕСМЕТКОВЕН ПЕРИОД | 30,644,868 |
| VIII. ЗАГУБА ЗА ТЕКОВНИОТ ПРЕСМЕТКОВЕН ПЕРИОД | 0 |
| Б. СУБОРДИНИРАНИ ОБВРСКИ | 0 |

| | |
|---|---|
| **В. БРУТО ТЕХНИЧКИ РЕЗЕРВИ** | 1,124,919,620 |
| **I. Бруто резерви за преносни премии** | 595,041,536 |
| **II. Бруто математичка резерва** | 0 |
| **III. Бруто резерви за штети** | 529,878,084 |
| **IV. Бруто резерви за бонуси и попусти** | 0 |
| **V. Бруто еквилизациона резерва** | 0 |
| **VI. Бруто останати технички резерви** | 0 |
| **Г. БРУТО ТЕХНИЧКИ РЕЗЕРВИ ВО ОДНОС НА ДОГОВОРИ КАЈ КОИ ОСИГУРЕНИКОТ ГО ПРЕВЗЕМА ИНВЕСТИЦИСКИОТ РИЗИК** | 0 |
| **Д. ОСТАНАТИ РЕЗЕРВИ** | 5,469,358 |
| **1. Резерви за вработени** | 4,930,737 |
| **2. Останати резерви** | 538,621 |
| **Ѓ.ОДЛОЖЕНИ И ТЕКОВНИ ДАНОЧНИ ОБВРСКИ** | 562,262 |
| **1. Одложени даночни обврски** | 266,720 |
| **2. Тековни даночни обврски** | 295,542 |
| **Е. ОБВРСКИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ДЕПОЗИТИ НА ДРУШТВА ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ КАЈ ЦЕДЕНТИ, ПО ОСНОВ НА ДОГОВОРИ ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ** | 0 |
| **Ж. ОБВРСКИ** | 513,712,820 |
| **I. ОБВРСКИ ОД НЕПОСРЕДНИ РАБОТИ НА ОСИГУРУВАЊЕ** | 25,365,728 |
| **1. Обврски спрема осигуреници** | 24,930,343 |
| **2. Обврски спрема застапници и посредници** | 0 |
| **3. Останати обврски од непосредни работи на осигурување** | 435,385 |
| **II. ОБВРСКИ ОД РАБОТИ НА СООСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ** | 424,084,297 |
| **1. Обврски по основ на премија за соосигурување и реосигурување** | 424,084,297 |
| **2. Обврски по основ на учество во надомест на штети** | 0 |
| **3. Останати обврски од работи на соосигурување и реосигурување** | 0 |
| **III. ОСТАНАТИ ОБВРСКИ** | 64,262,795 |
| **1. Останати обврски од непосредни работи на осигурување** | 42,377,984 |
| **2. Обврски по основ на финансиски вложувања** | 0 |
| **3. Останати обврски** | 21,884,811 |
| **З. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАГРАНИЧУВАЊА** | 70,542,660 |
| **Ѕ. НЕТЕКОВНИ ОБВРСКИ ВО ВРСКА СО НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА КОИ СЕ ЧУВААТ ЗА ПРОДАЖБА И ПРЕКИНАТИ РАБОТЕЊА** | 0 |
| **И. ВКУПНА ПАСИВА А+Б+В+Г+Д+Ѓ+Е+Ж+З+Ѕ** | **2,157,753,765** |
| **Ј. ВОН-БИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - ПАСИВА** | 148,575,203 |

По завршување на постапката за присоединување, односно со важност од Датумот на регистација, ------------------------------------------------------------------------------------------------------------

-Целиот имот и сите обврски на Друштвото што се присоединува се пренесуваат во Друштвото што превзема и вредноста на средствата и обврските на Друштвото превзема ќе се зголемат во износ од МКД 2,157,753,765, -----------------------------------------------------------------------------------

-Основната главнина на Друштвото што превзема како резултат на присоединувањето ќе изнесува ЕУР 18,460,416.80 и ќе биде поделен на 919,162 обични акции со номинална вредност од ЕУР 20.084 за една акција.---------------------------------------------------------------------------

-Зголемувањето на основната главнина на Друштвото што превзема за целите на присоединувањето согласно член 534 од Законот за трговските друштва преку емисија на нови акции, како што е дефинирано подолу и е предмет на дополнително одобрување од страна на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија.---------------------------------

Член пет

Соодносот според кој ќе се врши размената на акциите, ќе се врши согласно проценката извршена од Грант Торнтон Консалтинг ДОО Скопје на 19.12.2023 година, каде Друштвото што презема ќе издаде 0.50 акции во замена за секоја акција на Друштвото што се присоединува.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Финансиската проценка за Друштвото што презема и Друштвото што се присоединува на 30.09.2023 година(датум на проценка) се заснова на пресметка на објективна пазарна вредност.------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Соодносот на размена на акции по присоединување се утврди врз основа на:------------------------

- Извештај за проценка од 19.12.2023 година на 100% од капиталот на Друштвото што превзема со датум 30.09.2023.----------------------------------------------------------------------------
- Извештај за проценка од 19.12.2023 година на 100% од капиталот на Друштвото што се присоединува со датум 30.09.2023.---------------------------------------------------------------------

Со оглед на природата на деловните активности на друштвата кои учествуваат во постапката, за пресметување на пазарната вредност на Друштвото што презема и на пазарната вредност на Друштвото што се присоединува се применети методот на дисконтен паричен тек (нето приход) и методот на приспособена нето книговодствена вредност.------------------------------------

Методот на дисконтент паричен тек (нето приход) е избран како примарен метод што се користи за пресметување на вредностите на Друштвото што презема и на Друштвото што се присоединува вклучувајќи 75% пондериран процент, поради фактот што овој метод го зема предвид капацитетот за генерирање приходи на Друштвото, претпоставките и можностите за специфичен раст на Друштвото и поврзаните ризици.---------------------------------------------------

Методот на приспособена нето книговодствена вредност беше избран како секундарен метод кој вклучува пондериран процент од 25%, бидејќи ја одразува пазарната вредност на Друштвата врз основа на нивното историско работење кога се земени предвид минатите менаџерски одлуки за инвестиции во финансиски и други средства.-----------------------------------

Друштвото што презема и Друштвото кое е предмет на пристапување веруваат дека применетите пондери поврзани со овие методи соодветно одговараат на природата на осигурителните бизниси.---------------------------------------------------------------------------------------------

Пресметаниот соодност на размена во однос на методот опишан погоре е 0.50.----------------------

Акционерот на Друштвото што се присоединува ќе стекне акции издадени од Друштвото што презема во согласност со соодносот на размена како што е дефинирано во оваа Спогодба.-------

Друштвото што презема ќе издаде 201,700 акции по номинална (номинална) вредност од ЕУР 20.084 по акција или по вкупна номинална вредност од ЕУР 4,050,942.80, по пат на приватна понуда согласно одредбите од Законот за хартии од вредност. Приватната понуда на акции е предмет на одобрение од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија.-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Зголемувањето на основната главнина на Друштвото што презема заради статусна промена ќе се запише во статутот на Друштвото што презема согласно Предлог одлуката за измена и дополнување на статутот која е Прилог 1 на оваа Спогодба-------------------------------------------

Списокот на акционери на Друштвото што се присоединува, номиналните вредности на акциите што ги поседуваат во Друштвото што презема, како и бројот на акции и номиналните вредности на акциите што тие ќе ги стекнат во друштвото што презема е даден Прилог 2 прилог кон овој Нотарски Акт, и се смета за составен дел на оваа Спогодба.------------------------

Член шест

Акционерот на Друштвото што се присоединува кој како резултат на присоединувањето добива акции во Друштвото што презема, ќе стекне акции кои даваат права еднакви со акциите на акционерите на Друштвото што презема, вклучувајќи право на глас, право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и исплата во случај на ликвидација или стечај, во секој случај во согласност со законите на Република Северна Македонија и Статутот на Друштвото што презема.------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Член седум

Новоиздадените акции на Друштвото што презема ќе бидат регистрирани во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, по Датумот на регистрација и по регистрирање на

зголемувањето на основната главнина на Друштвото што презема во ЦРРСМ, согласно закон.-- Акционерот на Друштвото што се присоединува ќе стекне сопственост на новоиздадени акции на Друштвото што презема во согласност со соодносот наведен во член 5 од овој Нотарски акт, чиишто акции ќе бидат ставени на неговата сопственичка сметка за хартии од вредност што се води во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.--------------------------------------
Акционерот на Друштвото што се присоединува кој со присоединувањето стекнува акции на Друштвото што презема од датумот на регистрирање на акциите во Централен депозитар за хартии од вредност на АД Скопје ќе има право да учествува во добивките (доколку има) на Друштвото што презема согласно одлуките за распределба на добивки на Друштвото што презема.--------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Член осум

Деловните активности на Друштвото што се присоединува ќе престанат на Датумот на регистрација.----------------------------------------------------------------------------------------------------

Член девет

Друштвото што се присоединува и Друштвото што презема се согласни дека зделките на Друштвото што се присоединува, од сметководствена гледна точка, ќе се сметаат извршени во име на Друштвото што презема од датумот на пресек на годишните сметки изготвени за целите на присоединувањето, согласно член 12 од оваа Спогодба.----------------------------------------------

Член десет

Освен правата дадени со закон и Статутот на Друштвото што презема, не се обезбедени посебни поволности за Управниот и Надзорниот одбор на двете Друштва со нивното присоединување.-----------------------------------------------------------------------------------------------------

Член единаесет

Друштвото што се присоединува и Друштвото што презема се согласни вработените во Друштвото што се присоединува кои се наведени во Прилог бр. 3 на оваа Спогодба, да продолжат со својата работа во Друштвото што презема според истите услови, при што сите права, обврски и одговорности на вработените според договорите за вработување во Друштвото што се присоединува наведени во Прилог бр.3 се пренесуваат во Друштвото што презема во согласност со позитивното законодавство.-----------------------------------------------------
Друштвото што презема и Друштвото што се присоединува се согласни дека списокот на вработени даден во Прилог бр. 3 не е финален и истиот може да се менува до прифаќање на оваа Спогодба од страна на Собранието на акционери на двете Друштва, на начин што ќе ги вклучи оние лица кои во тој момент се во работен однос во Друштвото што се присоединува. Промени во горенаведениот список може да се направат само во согласност со одредбите од Законот за работни односи.------------------------------------------------------------------------------------

Член дванаесет

Годишните сметки за целите на присоединувањето согласно оваа Спогодба ќе бидат подготвени најдоцна до 15.04.2024 година, со датум на пресек најдоцна до 31.03.2024 година, согласно роковите утврдени во закон.-------------------------------------------------------------------------

Член тринаесет

Од Датумот на регистрација, сите судски и управни постапки во кои што Друштвото што се присоединува е странка, ќе ги преземе Друштвото што презема во онаа состојба во која се наоѓаат во моментот кога таа ќе ги преземе.-------------------------------------------------------------------

Член четиринаесет

На Датумот на регистрација, сите договори склучени од страна на Друштвото што се присоединува што се во важност, како и правата и обврските кои произлегуваат од истите, ќе бидат преземени од страна на Друштвото што презема, под истите рокови и услови.--------------
Како последица на присоединувањето, сите права и обврски од договорите и зделките склучени од Друштвото што се присоединува со други лица до Датумот на регистрација, ќе се сметаат за права и обврски на Друштвото што презема.-------------------------------------------------

Член петнаесет

Управниот одбор на Друштвото што презема и Управниот одбор на Друштвото што се присоединува ќе објават заедничко известување за склучената Спогодба во Службен весник на

Република Северна Македонија и во најмалку еден дневен весник во согласност со член 522 став 1 од Законот за трговски друштва.-----------------------------------------------------------------------
Друштвото што презема и Друштвото што се присоединува ќе ја ставаат на увид Спогодбата и прилозите коишто се составен дел на Спогодбата на акционерите, во согласност со член 522 став 2 од Законот за трговски друштва.-----------------------------------------------------------------------
Друштвото што презема и Друштвото што се присоединува ја доставуваат оваа Спогодба заедно со Прилозите за предбележба во ЦРРСМ, во согласност со член 522 став 3 од Законот за трговски друштва. По предбележбата, се објавува известување во Службен весник на Република Северна Македонија дека била извршена предбележба во ЦРРСМ и дека Спогодбата е дозволена за увид. -----------------------------------------------------------------------
Друштвото што презема и Друштвото што се присоединува ја доставуваат оваа Спогодба до овластен ревизор за да изврши ревизија во согласност со член 525 од Законот за трговски друштва.-----------------------------------------------------------------------
Друштвото што презема и Друштвото што се присоединува се обврзани да ги преземат сите други дејствија предвидени во Законот за трговски друштва или други закони, коишто се потребни за склучување и спроведување на статусната промена – присоединување според оваа Спогодба.-----------------------------------------------------------------------

Член шеснаесет

Оваа Спогодба ќе стане полноважна откако ќе се исполнат сите долунаведени предуслови:------

- добивање на Дозвола за статусна промена - присоединување, издадена од Агенција за супервизија на осигурување,-----------------------------------------------------------------------
- донесување на одлуки за прифаќање и потврдување на оваа Спогодба донесена од страна на Собранијата на акционери на Друштвата што учествуваат во присоединувањето, донесена на начин предвиден со закон.------------------------------------

Член седумнаесет

Доколку некоја одредба од оваа Спогодба е или стане ништовна, истата се смета одделна од другите одредби и нема да влијае на важноста на другите одредби доколку е исполнета основната цел на оваа Спогодба. Доколку не може да се исполни основната цел на оваа Спогодба, Друштвото што се присоединува и Друштвото што презема се согласни да ја изменат и дополнат оваа Спогодба за да ја исполнат нејзината цел и намена.-----------------------
Оваа Спогодба за присоединување ќе биде потпишана од страна на Претседателот на Надзорните одбори и Претседателот и члeновите на Управните одбори на Друштвото што се присоединува и на Друштвото што презема.-----------------------------------------------------------------------
Оваа Спогодба е изготвена во форма на нотарски акт напишан на македонски јазик и со верзија на англиски јазик приложена од учесниците, во 11 (единаесет) примероци, од кои по еден за секое Друштво кое учествува во постпката на присоединувањето, еден за нотарот, два примерока за потребите на упис во ЦРРСМ и Агенцијата за супервизија на осигурување, а останатите за службени потреби.-----------------------------------------------------------------------
На оваа Спогодба и правата на Страните што произлегуваат од неа се применуваат и се толкуваат во согласност со законодавството на Република Северна Македонија и надлежен суд за решавање на спорови во врска со оваа Спогодба е Основниот граѓански суд Скопје.-----------
Сите измени и дополнувања на оваа Спогодба се полноважни доколку се склучени во писмена форма, потпишани од Друштвото што се присоединува и Друштвото што презема, составени во форма на нотарски акт.-----------------------------------------------------------------------
Составен дел на оваа Спогодба се:-----------------------------------------------------------------------
-Прилог бр. 1- Предлог одлука за измена и дополнување на Статут;------------------------------------
-Прилог бр.2-Список на акционери на Друштвото што се присоединува со номинална вредност на постоечките акции во Друштвото што презема и акциите на кои ќе остварат право во Друштвото што презема; -----------------------------------------------------------------------
-Прилог бр.3- Список на вработени што треба да ги преземе Друштвото што презема.------------
Потврдувам дека овој Акт го составив лично, на единаесет страни и единаесет листа, и актот заедно со прилозите кон актот лично го прочитав во присуство на договорните страни, сведоците и судскиот преведувач, и ги предупредив за правните последици кои произлегуваат од ваквата правна работа.-----------------------------------------------------------------------

Странките изјавија дека ги прифаќаат правните последици кои произлегуваат од оваа правна работа и дека содржината на овој нотарски акт во целост одговара со нивната волја, па во знак на одобрување своерачно го потпишуваат.---------------------------------------------------------------------
Оваа Спогодба е изготвена во форма на нотарски акт потпишан на македонски јазик со верзија на Спогодбата на англиски јазик која се наоѓа во архивата оформена по овој предмет, во 11 (единаесет) примероци.-------------------------------------------------------------------------------------------
Нотарската такса по тарифен број 27 од Законот за судски такси и член 158 од Законот за нотаријатот во износ од 500.оо денари е уплатена на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија. Нотарската награда е пресметана во износ од 60,000.00 денари.-------------------------

За Друштвото што презема,
Претседател на Надзорен одбор, Габор Лехел ____________________

Претседател на Управен одбор, Бошко Андов ____________________

Членови на управен одбор, Весна Ѓорчева ____________________

Татјана Димов ____________________

Озрен Марјановикј ____________________

За Друштвото што се присоединува,

Претседател на Надзорен одбор, Габор Лехел ____________________

Претседател на Управен одбор, Климе Попоски ____________________

Членови на управен одбор, Насер Зенку ____________________

Ана Серафимова ____________________

Сведоци:
Тодор Стојчев ____________________

Ангел Шојлев ____________________

Овластен судски преведувач,
Мирјана Кочоска-Стојановиќ ____________________

НОТАР
Ана Весова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на град
НОТАР
АНА
ВЕСОВА
СКОПЈЕ

# ПРИЛОГ 1 КОН СПОГОДБА ЗА ПРИСОЕДИНУВАЊЕ

**Предлог одлука за измена и дополнување на Статут**

Склучен помеѓу

1. **Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп**, со седиште на ул. 11-ти Октомври бр.25 во Скопје, ЕМБС 4067037, ЕДБ 4030974258740, преставувано од Претседателот на Надзорен одбор Габор Лехел, и Управниот Одбор и тоа Претседателот Бошко Андов и членовите Весна Ѓорчева, Татјана Димов и Озрен Маријановиќ (во понатамошниот текст „**Друштво што презема**"); и

2. **Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје**, со седиште на ул. Железничка бр. 41 Скопје ,ЕМБС 5702470, ЕДБ 403000246120 преставувано од Претседателот на Надзорен одбор Габор Лехел, и Управниот Одбор и тоа Претседателот Климе Попоски и членовите Ана Серафимова и Насер Зенку (во понатамошниот текст „**Друштво што се присоединува**")

## ПРЕДЛОГ СТАТУТАРНА ОДЛУКА

**за измена на Статутот на Друштвото бр.02-7727/2-1**
**(пречистен текст) од 14.11.2023 година**

1. Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Статутот на Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (пречистен текст) бр. 02-7727/2-1 од 14.11.2022 година.
2. Во Членот 9 ставот 2 се менува и по извршената измена истиот гласи: **(2) Основната главнина на Друштвото изнесува 18,460,416.80 Евра или во денарска противредност пресметано според средниот курс на Еврото објавен од страна на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на донесување на одлуката за измена и/или дополнување на Статутот на Друштвото.**
3. Членот 10 се менува и гласи: **Основната главнина на Друштвото е поделена во 919,162 обични акции.**
4. Членот 11 ставот 1 се менува и гласи: **(1) Номиналната вредност на една обична акција изнесува во ЕУР 20.084.**
5. Во членот 31, став 1 зборовите **„4 (четири)"** се менуваат со зборовите **„5 (пет)".**
6. Во членот 36, став 1, бројот **„4"** се менува со зборовите **„5 (пет)".**
7. Сите останати членови на Статутот (пречистен текст) бр. 02-7727/2-1 од 14.11.2022 година остануваат непроменети.
8. Одлуката влегува во сила со денот на добивање на согласност од Агенцијата за супервизија на осигурување и нејзино усвојување од Собранието на Друштвото.
9. По стапувањето во сила на оваа Одлука, Друштвото продолжува да работи на начин и под услови по кои е запишано во Трговскиот регистар што се води при централниот регистар на Република Северна Македонија.
10. Се овластува и задолжува Управниот одбор да утврди и потпише пречистен интегрален текст на Статутот, а Претседателот на Управниот одбор да го потпише истиот.
11. Се овластува и задолжува Управниот одбор по влегување во сила на одлуката и изготвувањето на пречистениот текст, да го запише изменетиот Статут во Трговскиот регистар што се води при Централниот регистар на Република Северна Македонија.
12. Оваа Одлука ќе се достави како Предлог одлука до акционерите на Друштвото.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно Законот за супервизија на осигурување и Законот за трговските друштва, измените и дополнувањата на Статутот на Друштво се предмет на одобрување на Собранието на акционери на Друштвото, а предлогот доставен до Собранието на акционери го утврдува Управниот одбор на Друштвото. Дополнително, измените и дополнувањата на Статутот се предмет на посебна согласност која ја издава Агенцијата за супервизија на осигурување. Измените на Статутот се предложени врз основа на планираната статусна промена – присоединување на ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп АД Скопје кон МАКЕДОНИЈА АД Скопје - Виенна Иншурес Груп, што повлекува промена на почетниот капитал, бројот на акции, бројот на членови во Управниот одбор и Надзорниот одбор. Согласно со наведеното се јави потреба за измена на Статутот, поради што се предлага Собранието на Друштвото да ја донесе Одлуката за измена на Статутот на МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп.

**Друштво што превзема**

Претседател на надзорен одбор

__________________________

Габор Лехел

Претседател на управен одбор

__________________________

Бошко Андов

Членови на управен одбор

__________________________

Весна Ѓорчева

__________________________

Татјана Димов

__________________________

Озрен Марјановикј

**Друштво што се присоединува**

Претседател на надзорен одбор

__________________________

Габор Лехел

Претседател на управен одбор

__________________________

Климе Попоски

Членови на управен одбор

__________________________

Ана Серафимова

__________________________

Насер Зенку

# ПРИЛОГ 2 КОН СПОГОДБА ЗА ПРИСОЕДИНУВАЊЕ

**Список на акционери на Друштвото што се присоединува со номинална вредност на постоечките акции во Друштвото што презема и акциите на кои ќе оствари право во Друштвото што презема**

Склучен помеѓу

1. **Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп**, со седиште на ул. 11-ти Октомври бр.25 во Скопје, ЕМБС 4067037, ЕДБ 4030974258740, преставувано од Претседателот на Надзорен одбор Габор Лехел, и Управниот Одбор и тоа Претседателот Бошко Андов и членовите Весна Ѓорчева, Татјана Димов и Озрен Маријановиќ (во понатамошниот текст „Друштво што презема"); и

2. **Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје**, со седиште на ул. Железничка бр. 41 Скопје ,ЕМБС 5702470, ЕДБ 403000246120 преставувано од Претседателот на Надзорен одбор Габор Лехел, и Управниот Одбор и тоа Претседателот Климе Попоски и членовите Ана Серафимова и Насер Зенку (во понатамошниот текст „**Друштво што се присоединува**")

Список на акционери на Друштвото што се присоединува со номинална вредност на постоечките акции во Друштвото што презема и акциите на кои ќе остварат право во Друштвото што презема

| **Список на акциониери на Друштвото кое што се присоединува** | |
|---|---|
| Друштво | ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп АД Скопје |
| ЕМБС на Друштвото | 5702470 |
| Вид на издадени акции | Обични акции |
| Номинална вредност: | 10.00 EUR |
| Вкупен број на издадени акции: | 403,400 |
| Вкупен капитал: | 4,034,000.00 EUR |
| Број на акционери : | 1 (еден) |
| Акционер: | VIENNA INSURANCE GROUP AG Wiener Versicherung Gruppe |

| Номинална вредност на акциите во спственост на VIENNA INSURANCE GROUP AG Wiener Versicherung Gruppe во Друштвото кое што превзема | |
|---|---|
| Друштво | МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп |
| ЕМБС на Друштвото | 4067037 |
| Вид на издадени акции | Обични акции |
| Номинална вредност: | 20.084 EUR |
| Вкупен број на издадени акции: | 717,462 |
| Вкупен капитал: | 14,409,474.00 EUR |
| Број на акции во сопственост на VIENNA INSURANCE GROUP AG Wiener Versicherung Gruppe | 678,007 |

**Број на акции и номинална вредност на акциите кои ќе се стекнат во Друштвото што превзема.**

Друштвото што превзема ќе издаде 201,700 акции по номинална вредност за една акција од ЕУР 20.084, по вкупна номинална вредност од 4,050,942.80 ЕУР и тие акции ќе бидат пеземени од страна на VIENNA INSURANCE GROUP AG Wiener Versicherung Gruppe.

**Друштво што превзема**

Претседател на надзорен одбор

Габор Лехел

Претседател на управен одбор

Бошко Андов

Членови на управен одбор

Весна Ѓорчева

Татјана Димов

Озрен Марјановикј

**Друштво што се присоединува**

Претседател на надзорен одбор

Габор Лехел

Претседател на управен одбор

Климе Попоски

Членови на управен одбор

Ана Серафимова

Насер Зенку